# Програма за обука и прирачник за постапките пред Судот на правдата на Европската Унија



Kingdom of the Netherlands

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS

CIVIL RIGHTS DEFENDERS

GRAĐANSKA ALIJANSA
Civic Alliance - Aleanca Qytetare

Наслов:
# Програма за обука и прирачник за постапките пред Судот на правдата на Европската Унија

Издавач:
Центар за правни истражувања и анализи (ЦПИА), Северна Македонија
Civil Rights Defenders, Србија
Civil Rights Defenders, Албанија
Civic Alliance, Црна Гора

Автор:
**д-р Аниел Пахладсинг,**
судија и комесар во Холандскиот институт за човекови права

Редакција и стручна соработка:
**Милена Јосифовска, ЦПИА**
**Мартина Зафировска, ЦПИА**

Графички дизајн:
**Релатив**

Место и година на објавување:
Скопје, 2026

Оваа публикација е создадена во рамките на проектот „Зајакнување на регионалната судска соработка во Западен Балкан за ефективни судски спорови пред Европскиот суд на правда и имплементација на Повелбата за фундаментални права на Европската Унија“, поддржан од Кралството Холандија. Авторите се единствено одговорни за содржината на публикацијата, која на никаков начин не може да се смета дека ги претставува ставовите на Кралството Холандија.

# Содржина


ЛИСТА НА КРАТЕНКИ 4

АПСТРАКТ 5

ВОВЕД 7

1. Модул 1 – Основи на функционирањето на Судот на правдата на Европската Унија и дигиталните ресурси 7
   - 1.1 За Судот на правдата на Европската Унија 7

2. Модул 2 – Постапка за претходно одлучување 10
   - 2.1 Целта на постапката за претходно одлучување 10
   - 2.2 Јазик 11
   - 2.3 Три фази 11

3. Модул 3 - Изготвување и поднесување барање за претходно одлучување 23
   - 3.1 Барање за претходно одлучување 23
   - 3.2 Како треба да се состави барањето за претходно одлучување? 24
   - 3.3 Кои формалности мора да се исполнат? 24
   - 3.4 Содржина на барањето за претходно одлучување 24

4. Модул 4 - Итни постапки и привремени мерки 26
   - 4.1 Привремени мерки пред Општиот суд и Судот на правдата 26
   - 4.2 Итни постапки: PPU и PPA 27
   - 4.3 Измени во врска со барањата за претходно одлучување пред Општиот суд 29

ПРИЛОЗИ: 33

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| **СПЕУ** | Суд на правдата на Европската Унија |
| **ЕКЧП** | Европска конвенција за човекови права |
| **ЕСЧП** | Европски суд за човекови права |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **НВО** | Невладина организација |
| **ДЕУ** | Договор за Европската Унија |
| **ДФЕУ** | Договор за функционирањето на Европската Унија |
| **ДДВ** | Данок на додадена вредност |
| **PPA** | Забрзана постапка |
| **PPU** | Итна постапка за претходно одлучување |
| **CELEX** | Идентификатор CELEX |
| **ELI** | Европски идентификатор на законодавството |
| **ECLI** | Европски идентификатор на судската практика |
| **RSS** | Систем за автоматско следење и добивање известувања |

# Апстракт

Континуираната правна едукација на носителите на правосудни функции е од клучно значење за унапредување на знаењата и вештините на судиите, јавните обвинители и другите правни професионалци, за поттикнување промени во начинот на размислување и за стекнување на потребните знаења за судската практика на Судот на правдата на Европската Унија (СПЕУ) и практичната примена на Повелбата за фундаменталните права на Европската Унија („Повелбата“) во националните правни системи.

Регионалниот проект „*Зајакнување на регионалната судска соработка во Западен Балкан за ефективни судски спорови пред Европскиот суд на правда и имплементација на Повелбата за фундаментални права на Европската Унија*“, поддржан од Кралството Холандија, има за цел да ги зајакне капацитетите на претставниците на правосудството во Северна Македонија, Црна Гора, Србија и Албанија за ефективна примена на правото на ЕУ и Повелбата пред идното пристапување на нивните земји во Европската Унија.

Специфичните цели на проектот се: (i) зајакнување на регионалната соработка; (ii) размена на знаења за заедничките предизвици и можните решенија поврзани со примената на Повелбата и постапките пред СПЕУ; и (iii) унапредување на капацитетите на правосудството за водење постапки пред СПЕУ и за примена на Повелбата.

Оваа практично ориентирана обука ќе им овозможи на учесниците да стекнат продлабочено разбирање на постапката за претходно одлучување пред СПЕУ.

Познавањето на судската практика на СПЕУ е од суштинско значење за воспоставување успешен дијалог меѓу националните судови и СПЕУ.

Преку практични примери и дискусии за судската практика, учесниците ќе се запознаат со практичните аспекти на постапките што се водат пред СПЕУ.

**Во Модул 1 се објаснети следните теми:**

a) Општ вовед во работата на Судот на правдата и Општиот суд, вклучително и надлежностите на СПЕУ;
b) Користење на веб-страниците CURIA и EUR-Lex за пронаоѓање информации за пресуди, мислења, предмети во тек пред СПЕУ и други документи релевантни за националните судии, како што се Препораките до националните судови во врска со покренувањето постапки за претходно одлучување;
c) Различните видови постапки пред Судот на правдата и Општиот суд.

**Во Модул 2 се објаснети следните теми:**

a) Опсегот на член 267 од Договорот за функционирање на Европската Унија и надлежноста на СПЕУ во однос на правото на ЕУ;
b) Јазичен режим;

c) Трите фази на постапката за претходно одлучување:
   1. Фаза 1: Националниот суд може, а во некои случаи и мора, да упати барање до СПЕУ заради разјаснување на толкувањето на правото на ЕУ („Фаза 1“).
      a) Улогата на највисоките и пониските национални судови во постапката за претходно одлучување, односно кога националниот суд може, а кога мора да упати прашање до СПЕУ доколку толкувањето на правото на ЕУ е неопходно за донесување одлука во предметот;
      b) Примена на критериумите CILFIT, односно оценување дали станува збор за acte clair или acte éclairé и дали националниот суд е должен да упати барање за претходно одлучување до СПЕУ;
      c) Одбивањето на националниот суд да упати барање за претходно одлучување и обврската таквото одбивање да го образложи во пресудата, согласно судската практика на СПЕУ и ЕСЧП;
      d) Улога на странките во националната постапка и во постапката за претходно одлучување;
      e) Улога на националниот суд во постапката за претходно одлучување.
   2. Фаза 2: СПЕУ утврдува како треба да се толкува релевантното право на Унијата.
   3. Фаза 3: Предметот се враќа на националниот суд, кој одлучува по суштината на спорот.

**Во Модул 3 се објаснети следните теми:**

a) Барањето за претходно одлучување – практични аспекти на неговото поднесување;
b) Препораки до националните судови во врска со покренувањето постапки за претходно одлучување;
c) Улогата на националниот суд по пресудата на СПЕУ.

**Во Модул 4 се објаснети следните теми:**

a) Привремени мерки пред Судот на правдата и Општиот суд;
b) Забрзани и итни постапки: PPA, PPU и одлучување со предност;
c) Надлежноста на Општиот суд во постапките за претходно одлучување.

**Методологија на обуката**

» Обуката ќе ја спроведуваат правни експерти, кои клучните теми ќе ги обработуваат преку примери и предмети од практиката.
» Обуката е насочена кон меѓусебната поврзаност на европското и националното право во рамките на заедничкиот правен поредок. Предавачите ќе го објаснат влијанието и директното дејство на правото на ЕУ.
» СПЕУ има објавено препораки, достапни на веб-страницата CURIA, кои содржат практични насоки за упатување прашања за претходно одлучување.
» Во рамките на обуката ќе биде претставена веб-страницата CURIA и начинот на пронаоѓање пресуди, мислења, предмети во тек, конечни одлуки на националните судови и извештаи на Центарот за истражување и документација.
» На учесниците ќе им биде доставен документ со практични насоки за формулирање прашања за претходно одлучување до СПЕУ.
» По секоја сесија ќе биде предвидено време за прашања, одговори и дискусија, при што учесниците ќе можат да разменат идеи и професионални искуства.

# Вовед

Постапката за претходно одлучување е утврдена во член 267 од Договорот за функционирање на Европската Унија („ДФЕУ“) и обезбедува усогласено толкување и примена на правото на ЕУ во сите држави членки, со тоа што им овозможува на судовите на државите членки да упатат барање за претходно одлучување до СПЕУ кога одлуката на Судот е неопходна за да можат да донесат одлука во предметот.

Затоа, кога ќе се појават прашања во врска со толкувањето на правото на ЕУ, нивното решавање не е исклучиво во надлежност на националните судови. Толкувањето на директивите, Повелбата за фундаменталните права на Европската Унија („Повелбата“) и другите релевантни принципи, како и прашањата што произлегуваат од евентуални празнини во законодавната рамка, е во надлежност на СПЕУ, кој одлучува по овие прашања во постапката за претходно одлучување, врз основа на барања упатени од судовите на државите членки согласно член 267 ДФЕУ.

# 1. Модул 1 – Основи на функционирањето на Судот на правдата на Европската Унија и дигиталните ресурси

| ***Цели на учење*** |
| --- |
| По завршувањето на модулот, учесниците ќе можат: |
| • Да ја разберат улогата и структурата на Судот на правдата и Општиот суд,<br>• Да ги разликуваат главните видови постапки пред СПЕУ,<br>• Да ги користат CURIA и EUR-Lex за пронаоѓање на релевантната судска практика и документите на ЕУ,<br>• Да ги идентификуваат клучните извори релевантни за постапките за претходно одлучување. |

## 1.1 <u>За Судот на правдата на Европската Унија</u>

Судот на правдата на Европската Унија (СПЕУ) е судска институција на Европската Унија. СПЕУ го сочинуваат два суда:

1. Судот на правдата и
2. Општиот суд.

Судот обезбедува почитување и толкување на правото на ЕУ. Тој осигурува дека институциите на ЕУ и земјите-членки го почитуваат ова право. Судот обезбедува единствено толкување на правото на ЕУ, со што се обезбедува негова доследна примена во сите држави членки.

### 1.1.1 Што работи Судот?

Судот на правдата на Европската Унија е основан во 1952 година. Неговата мисија е да го спроведува и толкува правото на ЕУ. Судот:

- преиспитува дали актите и законодавството на ЕУ се законити;
- се грижи државите членки и институциите на ЕУ да го почитуваат правото на ЕУ;
- кога националниот суд има прашања во врска со толкувањето на правото на ЕУ или се сомнева во валидноста на некој акт на ЕУ, може да упати барање за претходно одлучување до СПЕУ, кој дава толкување на правото на ЕУ.

### 1.1.2 Клучни функции и видови предмети со кои се занимава СПЕУ

1. Постапка за претходно одлучување: Одлучување по барања на националните судови во врска со толкувањето или валидноста на правото на ЕУ, со цел да се обезбеди негова доследна примена.
2. Тужби за поништување: Прогласување на актите на ЕУ за незаконски доколку се спротивни на Договорите на ЕУ или на фундаменталните права.
3. Тужби поради пропуст (непреземање дејство): Одлучување за тоа дали институциите на ЕУ пропуштиле да преземат дејство кога тоа било потребно.
4. Тужби поради повреда на обврските (постапки за прекршување): Осигурување дека државите членки го почитуваат правото на ЕУ. Овие постапки најчесто ги поведува Европската комисија.
5. Жалби: Разгледување исклучиво на правни прашања кои произлегуваат од пресудите донесени од Општиот суд.

### 1.1.3 Клучни задачи и надлежности на Општиот суд

1. Тужби за поништување: Ги разгледува тужбите за поништување или поради пропуст (непреземање дејство) поднесени од физички или правни лица против институции, агенции или тела на ЕУ.
2. Конкурентско и трговско право: Одлучување по предмети поврзани со конкуренција, државна помош, трговија и интелектуална сопственост (на пр., трговски марки).
3. Тужби од земји-членки: Ги разгледува тужбите поднесени од земјите-членки против Европската комисија или Советот во врска со специфични области како што се државна помош или дампинг.
4. Тужби за надомест на штета: Одлучува по предмети со кои се бара надомест на штета предизвикана од институциите на ЕУ.
5. Претходно одлучување: Одлучува по специфични барања за претходно одлучување пренесени од Судот на правдата (на пр., ДДВ, царина).

### 1.1.4 Веб-страница CURIA

Веб-страницата CURIA е официјалниот портал на Судот на правдата на Европската Унија. Таа овозможува пристап до судската практика, постапките и платформата e-Curia за електронско поднесување.

Линк: https://curia.europa.eu/site/

- Следење на предмети: Базата на податоци за судска практика ги содржи сите барања, пресуди и правни документи.

Линк: https://curia.europa.eu/site/jcms/d2_5106/en/case-tracking-publicly-available-information

- e-Curia: Официјалниот портал кој се користи за електронска размена на документи, задолжителен за одредени постапки и бесплатен.
- Информации за тоа како функционира Судот на правдата на ЕУ: https://curia.europa.eu/site/jcms/d2_5108/en/how-the-procedure-works
- Рочишта: Најзначајните рочишта и изрекувањето на пресудите се пренесуваат во живо на веб-страницата.

### 1.1.5 Веб-страница EUR-Lex

EUR-Lex е официјалната база на податоци за правото на Европската Унија (ЕУ), која овозможува бесплатен пристап до секојдневно ажурирана база на правни документи на сите 24 официјални јазици на ЕУ. Управувана е од Канцеларијата за публикации на Европската Унија и нуди сеопфатни информации, почнувајќи од основни договори до национални мерки за транспонирање.

- Право на ЕУ (Договори, Регулативи, Директиви, Одлуки).
- Судска практика: Документи од Судот на правдата на Европската Унија, вклучувајќи пресуди, решенија и мислења на општите правобранители.
- Подготвителни документи: Законодавни предлози, извештаи, зелени и бели книги.
- Постапки за донесување закони во ЕУ: Временска рамка и детални информации за фазите на законодавните постапки, од предлог до усвојување.
- Меѓународни договори.

### 1.1.6 Клучни карактеристики и функционалности

- CELEX-идентификатори: Секој документ има единствен CELEX-идентификатор, независен од јазикот.
- ELI/ECLI идентификатори: Поддржува Европски идентификатор на законодавството (ELI) и Европски идентификатор на судска практика (ECLI) за прецизно наоѓање на документите.
- Повеќејазичен приказ: Овозможува истовремено гледање до три јазични верзии на еден документ.
- Напредно пребарување и известувања: Нуди брзо, напредно и експертско пребарување (Булови оператори) и им овозможува на регистрираните корисници да ги зачувуваат пребарувањата и да добиваат RSS-известувања (автоматски известувања).
- Пристап до N-Lex: Обезбедува пристап до националното законодавство преку платформата N-Lex.

| ***Клучен заклучок*** |
| --- |
| Постапката за претходно одлучување се заснова на соработка меѓу националните судови и СПЕУ и има за цел да обезбеди единствено толкување и примена на правото на ЕУ во сите држави членки. |

# 2. Модул 2 – Постапка за претходно одлучување

| ***Цели на учење*** |
|---|
| По завршувањето на модулот, учесниците ќе можат: |
| • Да ја разберат целта и фазите на постапката за претходно одлучување,<br>• Да идентификуваат кога националниот суд може или мора да упати барање до СПЕУ,<br>• Да ги применат критериумите од предметот CILFIT во практика,<br>• Да ги разберат улогите на националните судови, странките и СПЕУ за време на постапката. |

## 2.1 Целта на постапката за претходно одлучување

Во 2025 година СПЕУ одлучил по вкупно 774 предмети:

- 561 постапка за претходно одлучување, вклучувајќи 3 итни постапки за претходно одлучување;
- 51 директна тужба, вклучувајќи 38 случаи во кои е утврдена повреда на обврските од страна на 20 држави членки;
- 5 пресуди со кои е утврдена „двојна повреда на обврските“;
- 156 жалби против одлуки на Општиот суд, вклучително и жалби по кои одлуката на Општиот суд била укината.

Просечно времетраење на постапките:

- 16,7 месеци.

Просечно времетраење на итните постапки за претходно одлучување (PPU):

- 3,4 месеци.

До 31 декември 2025 година, имало 1.322 нерешени предмети.

### 2.1.1 Главни области по кои постапувал СПЕУ во 2025 година

| **Област** | **Број на предмети** |
|---|---|
| Простор на слобода, безбедност и правда | 142 |
| Државна помош и конкуренција | 132 |
| Економска и монетарна политика | 111 |
| Слобода на движење и право на основање - внатрешен пазар | 106 |
| Заштита на потрошувачите | 95 |
| Заедничка надворешна и безбедносна политика | 79 |
| Усогласување на законодавството | 76 |
| Животна средина | 63 |
| Социјална политика | 52 |
| Транспорт | 47 |

- Оваа статистика ја одразува важноста на постапката за претходно одлучување за правниот систем на Европската Унија. Правото на ЕУ функционира преку систем на „децентрализирано“ спроведување, во кој националните судови имаат примарна улога во обезбедувањето на почитувањето на правото на ЕУ. Сепак, националните судови не се единствено надлежни да ја утврдуваат точната содржина на правата и обврските што произлегуваат од актите на ЕУ. Толкувањето на Договорите, директивите и другите акти на ЕУ е во надлежност на СПЕУ.
- Во децентрализираниот правосуден систем на ЕУ, постапката за претходно одлучување претставува механизам за унапредување на правното единство и развојот на правото на ЕУ, преку овозможување дијалог меѓу националните судови и СПЕУ.
- СПЕУ не е надлежен да го толкува националното право (Предмет *C-6/64, Costa/ENEL*). Доколку националниот суд го формулира прашањето на начин што бара од СПЕУ да одлучи за валидноста на националното право, СПЕУ може да се прогласи за ненадлежен. Покрај тоа, СПЕУ одговара само на прашања за претходно одлучување што произлегуваат од реален спор. Хипотетички предмети, колку и да се интересни, не се разгледуваат од СПЕУ (пр. предмет *C-83/91, Meilicke* или *C-156/23, Ararat).*

## 2.2 Јазик

- Важна карактеристика на постапката е јазикот на предметот. Можноста да се поведе постапка пред суд на јазик што странката го разбира, како и можноста да ги чита судските одлуки, претставува фундаментален аспект на демократијата и владеењето на правото. Работниот јазик на СПЕУ е францускиот и сите документи Судот ги преведува на француски јазик. Сепак, секој предмет има и свој „јазик на постапката“.
- Во постапките за претходно одлучување, јазик на постапката е јазикот на државата од која потекнува барањето. Ова им овозможува на странките во предметот пред националниот суд да ги поднесат своите писмени забелешки и да ги изнесат своите усни забелешки на сопствениот јазик.
- Затоа, Судот на правдата работи на сите 24 официјални јазици на ЕУ, а целата комуникација со странките се одвива на јазикот на постапката. Во директните тужби, јазикот на постапката е јазикот избран од тужителот. Доколку тужениот е држава членка на ЕУ, јазикот на постапката мора да биде еден од официјалните јазици на таа држава. Во жалбените постапки, јазик на постапката е јазикот на кој е донесена пресудата на Општиот суд.

## 2.3 Три фази

СПЕУ има објавено збир на препораки упатени до националните судови во врска со упатувањето барања за претходно одлучување („Препораките“).

Овој документ се потпира на Препораките, Деловникот за постапка на СПЕУ („Деловник за постапка“), судската практика, како и други извори, со цел на правните практичари да им понуди практичен преглед на постапката за претходно одлучување.

Кога пред национален суд ќе се појави предмет што отвора прашање за толкување на правото на ЕУ, националниот суд може, а во некои случаи и мора, да упати барање за претходно одлучување до СПЕУ за да добие толкување на правото на ЕУ („Фаза 1“). СПЕУ потоа утврдува како треба да се толкува релевантното право на Унијата („Фаза 2“) и го враќа предметот на националниот суд за да одлучи по суштината на спорот („Фаза 3“). Секоја од овие фази е детално разгледана во овој дел.




### 2.3.1 Клучни карактеристики на постапката за претходно одлучување

- За да може да се упати барање за претходно одлучување, мора да постои прашање од правото на ЕУ за кое одлуката на СПЕУ е неопходна за националниот суд да може да донесе пресуда.
- Просечното време за донесување одлука по барање за претходно одлучување е од 15 до 18 месеци.
- Постои итна постапка („PPU“) предвидена со член 267, став 4, од ДФЕУ и со членовите 107–114 од Деловникот за постапка на СПЕУ. Оваа постапка се применува кога лицето е лишено од слобода и одлуката на СПЕУ може да влијае врз одлуката за лишувањето од слобода, или кога се засегнати правата на децата. Националниот суд мора да побара примена на оваа постапка и да ги наведе причините за тоа.
- Националниот суд има право, врз основа на член 267 од ДФЕУ, да упати барање во кој било момент од националната постапка; секоја одредба од националното право што го спречува тоа мора да се остави неприменета.
- Покрај редовните судови, и истражен судија може да упати барање за претходно одлучување, но јавен обвинител не може.
- Судовите од последна инстанца го прекршуваат член 6 од ЕСЧП и член 267 од ДФЕУ, во врска со член 47 од Повелбата доколку не дадат образложение за одбивањето да упатат прашање од правото на ЕУ до СПЕУ. Уставните судови во некои земји (на пр. Германија, Словенија) исто така го сметаат одбивањето да се упати прашање од правото на ЕУ до СПЕУ за повреда на уставно загарантираното право на суд основан со закон. Можноста за поднесување индивидуална претставка до Уставниот суд не се смета за дополнителен судски правен лек, па затоа од Врховниот суд се бара да упати барање до СПЕУ доколку прашањето не претставува *acte clair или acte éclairé.*

### 2.3.2 Фаза 1 од постапката: Пред националниот суд или трибунал

#### 2.3.2.1 Кога е корисно да се побара претходно одлучување?

Националните судови имаат обврска да ги применуваат одредбите од правото на ЕУ што имаат директно дејство и да не го применуваат националното право и практика кои можат да бидат во спротивност со овие права. Првата цел на странката е националниот суд да не го примени националното законодавство или практика кои се во спротивност со правото на ЕУ, и директно да ги примени одредбите од правото на ЕУ што се поповолни. Во тој поглед, странките во спорот треба да покажат дека правото на ЕУ е јасно и дека се применува во нивниот предмет. Поради тоа, понекогаш е корисно судот да се убеди во јасното значење на некоја одредба од правото на ЕУ преку судската практика на судовите на други држави членки, кои на истата одредба ѝ даваат исто толкување. Дури кога националниот суд не е подготвен да го прифати толкувањето на правото на ЕУ што го предлага странката, барањето за претходно одлучување може да стане корисно. Во тој момент, потребно е да му се покаже на националниот суд дека постои прашање или сомнеж во однос на точното значење на правото на ЕУ и дека за тоа прашање е потребно толкување од СПЕУ.

Овластувањето за упатување барање за претходно одлучување му припаѓа исклучиво на националниот суд, без оглед на тоа дали странките го побарале тоа во главната постапка. Оценката за неопходноста од упатување барање за претходно одлучување и неговата релевантност спаѓа во исклучива надлежност на националниот суд пред кој е изнесен спорот.

### 2.3.2.2 Кој го поднесува барањето за претходно одлучување?

- Странките во постапката пред националниот суд не поднесуваат самите барања директно до СПЕУ.
- Одлуката за тоа дали ќе се упати барање до СПЕУ му припаѓа единствено на националниот суд.
- Националните судови во која било инстанца имаат дискреционо право да упатат барање до СПЕУ, а повисокиот суд не може да му забрани на понискиот суд да го стори тоа. Исто така, не постои услов странките да се согласат со барањето за претходно одлучување.
- „Секој суд“ на држава членка може да упати такво барање. СПЕУ има прифатено прашања и од ad hoc тела. Доколку прашањето за толкување на правото на ЕУ се појави пред суд против чии одлуки нема правен лек, тогаш судот мора да упати барање за претходно одлучување.
- Само „судови и трибунали“ на државите членки се надлежни да упатуваат барање за претходно одлучување. Овој поим не е дефиниран никаде во Договорот, но во судската практика на Судот (Предмет *C-54/96, Dorsch*), утврдени се низа критериуми врз основа на кои може да се утврди дали навистина станува збор за суд или трибунал (види исто така Предмет *C-115/22*). Овие критериуми се:
  1. независно тело основано редовно според националното право, кое има постојан карактер и задолжителна надлежност, и
  2. кое донесува одлука во согласност со правните правила по спроведување на контрадикторна постапка.

Арбитрите не ги исполнуваат овие критериуми (Предмет *C-102/81, Nordsee*), ниту пак административните тела кои се занимаваат со управни жалби (Предмет *C-24/92, Corbiau*). Тие не можат да упатуваат барања за претходно одлучување до СПЕУ.

### 2.3.2.3 Во кои околности може да се поднесе барање?

- Во случај на прашање за толкување на правото на ЕУ, националниот суд мора да утврди дали е неопходна одлука на СПЕУ по барање за претходно одлучување за тој да може да донесе пресуда. Ова е случај, на пример, кога постојната судска практика на СПЕУ не ги обезбедува потребните насоки за тоа како да се примени некоја одредба од правото на ЕУ во нова фактичка состојба.
- СПЕУ не одговара на хипотетички прашања, па затоа е важно разјаснувањето да биде неопходно за националниот суд за да може да одлучува во постапката.
- Прашањата за толкување на правото на ЕУ што ги упатува националниот суд врз основа на фактичката состојба и законодавната рамка што самиот ги утврдил се сметаат за релевантни.
- СПЕУ може да одбие да одлучува по прашање упатено од национален суд само кога е сосема очигледно дека бараното толкување на правото на ЕУ нема никаква врска со вистинските факти на главниот спор или со неговиот предмет, кога проблемот е хипотетички, или кога Судот пред себе ги нема фактичките и правните елементи потребни за да даде корисен одговор на поставените прашања.
- Според член 267 од ДФЕУ, СПЕУ е надлежен да носи одлуки по барање за претходно одлучување кои се однесуваат на толкувањето на Договорите и секундарното право, вклучувајќи ги и директивите на ЕУ за процесните права. Важно е да се напомене дека националниот суд не може да формулира прашања засновани само на Повелбата. Прашањата мора да се повикуваат на правото на ЕУ.

***Важна напомена***

Упатувањето барање за претходно одлучување може да не биде препорачливо кога постои конфликт меѓу индивидуалниот интерес на странката и целта на стратешката парница што се обидува да се постигне со тоа барање. Меѓу другото, вреди да се земе предвид дека процесот на упатување барање може да трае повеќе од една година и има ефект на одложување на исходот на предметот, кој инаку би можел да се реши побрзо. Ова е особено релевантно кога лицето е лишено од слобода.

### 2.3.2.4 Како се утврдуваат прашањата за претходно одлучување?

- Задача на националниот суд е да го формулира прашањето за претходно одлучување. Откако ќе утврди дека е неопходна одлука по барање за претходно одлучување, националниот суд може да ги покани странките да ги достават своите забелешки во врска со прашањата што треба да се поставaт. Ова им нуди важна можност на странките да влијаат врз начинот на кој прашањата ќе бидат обликувани пред СПЕУ.
- На крајот, националниот суд е тој што ја утврдува конечната форма и содржина на барањето.

### 2.3.2.5 Дали упатувањето барање за претходно одлучување е факултативно или задолжително?

Одлуката за упатување барање за претходно одлучување до СПЕУ генерално зависи од дискреционата оцена на националниот суд. Единствено националниот суд пред кој е покренат спорот и кој мора да ја преземе одговорноста за последователната судска одлука е надлежен да утврди дали, согласно конкретните околности на предметот, е потребна одлука по барање за претходно одлучување за да може да донесе пресуда, како и дали прашањата што ги доставува до СПЕУ се релевантни.



### 2.3.2.6 Дали постои обврска за упатување барање за претходно одлучување во врска со толкувањето на правото на ЕУ?

Според член 267, став 3, од ДФЕУ, националниот суд од последна инстанца мора да упати барање за претходно одлучување до СПЕУ кога постои вистинско прашање во врска со толкувањето на правото на ЕУ.

Критериумите CILFIT произлегуваат од значајниот предмет од 1982 година, *Srl CILFIT против Министерство за здравство (283/81)*, во кој се утврдени условите под кои националниот суд од последна инстанца е ослободен од обврската да упати барање за претходно одлучување до СПЕУ.

### 2.3.2.7 Трите главни CILFIT исклучоци

1. **Нерелевантно прашање:** Одговорот на прашањето од правото на ЕУ на ниту еден начин не може да влијае врз исходот на предметот.
2. ***Acte Éclairé* (Утврдена судска практика):** Прашањето е „суштински идентично“ со прашање кое веќе е решено од СПЕУ во сличен предмет или кога утврдената судска практика веќе го решила тоа правно прашање.
3. ***Acte Clair* (Очигледно толкување):** Точната примена на правото на ЕУ е толку очигледна што не остава простор за какво било разумно сомневање.

| Исклучок | Значење | Дали е потребно упатување барање за претходно одлучување? |
|---|---|---|
| Нерелевантно прашање | Правото на ЕУ не е неопходно за одлучување по предметот | Не |
| Acte éclairé | Прашањето веќе е разјаснето со судската практика на СПЕУ | Не |
| Acte clair | Точното толкување не остава разумно сомневање | Не |

- ***Во пресудата на СПЕУ од 2021 година во предметот Consorzio Italian Management (C-561/19), СПЕУ ги потврди и ги разјасни овие критериуми:***

1. **Обврска за наведување причини:** Иако националните судови од последна инстанца можат да одлучат да не упатат барање за претходно одлучување кога е исполнет некој од исклучоците, тие се должни јасно да образложат зошто сметаат дека се применува конкретниот исклучок (односно зошто предметот претставува *acte clair* или *acte éclairé*).
2. **Проверка на јазичните верзии:** Судовите не се должни да ги разгледаат сите јазични верзии, но мора да ги земат предвид разликите меѓу јазичните верзии за кои знаат или на кои им било укажано.
3. **Поинакво толкување од страна на пониските судови:** Самото тоа што понизок суд го протолкувал правото на ЕУ поинаку не значи дека врховниот суд не може да смета дека станува збор за acte clair, под услов да ја спроведе потребната анализа.

#### 2.3.2.8 Образложение на одлуката кога националниот суд одбива да упати барање за претходно одлучување

Судовите од последна инстанца го прекршуваат член 6 од ЕСЧП доколку не дадат образложение заодбивањето да упатат барање за претходно одлучување до СПЕУ. (ЕКЧП 9 октомври 2013, *Dhahbi v. Italy (Application no. 17120/09)*). Покрај тоа, во неколку држави членки, обврската на судот од последна инстанца да упати такво барање е дополнително засилена со уставна гаранција, која ѝ овозможува на засегнатата страна да поднесе тужба пред Уставниот суд поради неоправданото одбивање да се упати барање за претходно одлучување.

Во пресудата на Судот во предметот *C-767/23 (Remling)*, Судот истакна дека националниот суд од последна инстанца мора секогаш да ги наведе причините поради кои одбива да упати барање за претходно одлучување до СПЕУ.

Дури и доколку на таков суд му е дозволено да ги одбие жалбите со скратено образложение, тој мора, во сите случаи, специфично и конкретно да ги наведе причините зошто се применува еден од исклучоците од обврската за упатување барање за претходно одлучување.

Во овој предмет, Судот мораше да одлучува за усогласеноста со правото на ЕУ на можноста, што холандското право му ја дава на врховниот суд, да одбие жалба само врз основа на скратено (сумарно) образложение. Ова законодавство имало за цел, во интерес на доброто спроведување на правдата, да го намали времетраењето на судските постапки и да му овозможи на тој суд да посвети повеќе време на важни предмети. Откако ја нагласи фундаменталната улога на постапката за претходно одлучување воопшто, а особено на обврската за упатување барања за претходно одлучување за правосудниот систем на ЕУ, Судот потсетува дека врховниот суд подлежи на обврска да упати барање за претходно одлучување, од која може да биде ослободен само во три ситуации: кога покренатото прашање од правото на ЕУ е нерелевантно, кога одредбата од правото на ЕУ за која станува збор веќе била толкувана од Судот или, на крајот, кога тоа толкување на правото на ЕУ било толку очигледно што не оставало простор за какво било разумно сомневање. Кога врховниот суд смета дека се наоѓа во една од тие три ситуации, тој мора да ги наведе причините за своето одбивање да упати барање за претходно одлучување до СПЕУ, изнесувајќи, во сите случаи, специфично и конкретно, причините зошто, според неговото мислење, нема потреба да се упати барање за претходно одлучување до СПЕУ. Таков суд може, во тој поглед, да ги преземе причините на кои се потпирал понискиот суд во конкретниот спор, под услов тој понизок суд да објаснил зошто предметот потпаѓа под една од трите гореспоменати ситуации.

#### 2.3.2.9 Задолжително упатување барање за претходно одлучување: Валидност на правото на ЕУ

Во предметот *Foto-Frost против Hauptzollamt Lübeck-Ost (Предмет 314/85)*, СПЕУ утврди дека националните судови немаат овластување да ги прогласуваат актите на институциите на ЕУ за неважечки. Доколку националниот суд се сомнева во валидноста на некоја мерка на ЕУ, тој мора да упати барање за претходно одлучување до СПЕУ според член 267 од ДФЕУ, со што се обезбедува еднообразна примена.

### 2.3.2.10 Клучни аспекти на доктрината Фото-Фрост

1. **Исклучива надлежност:** СПЕУ има исклучиво овластување да прогласи акт на Унијата за неважечки.
2. **Обврска за упатување барање за претходно одлучување:** Дури и пониските судови (не само судовите од последна инстанца) мора да упатат барање за претходно одлучување до СПЕУ кога се поставува прашање за валидноста на актите на ЕУ, доколку сметаат дека аргументите против валидноста на мерката се основани.
3. **Превентивна улога:** Пресудата осигурува дека правото на ЕУ нема да се применува недоследно во различни држави членки.
4. **Исклучок (Привремени мерки):** Во многу тесни околности, националните судови можат да одобрат привремени мерки за запирање на примената на некој акт на ЕУ додека се чека одлуката на СПЕУ, под услов да упатат барање за претходно одлучување до СПЕУ во врска со валидноста на актот.

Предметот *Foto-Frost* е клучен за одржување на „целосниот систем на правни лекови“ во рамките на правото на ЕУ, кој бара секое оспорување на валидноста на некоја мерка на ЕУ да се решава преку СПЕУ, а не преку домашните судови.

- Судовите од последна инстанца го прекршуваат член 6 од ЕСЧП и член 47 од Повелбата на ЕУ доколку не дадат образложение за одбивањето да упатат барање за претходно одлучување до СПЕУ.
- Покрај тоа, во неколку држави членки, обврската на судот од последна инстанца за упатување е дополнително засилена со уставна гаранција, што ѝ овозможува на засегнатата страна да поднесе тужба пред Уставниот суд поради неоправдано одбивање да се упати барање за претходно одлучување.

### 2.3.2.11 Доколку највисокиот национален суд одбие да упати барање за претходно одлучување до СПЕУ: последици и ризици

- Сомневањата на пониските судови не го обврзуваат највисокиот суд да упати барање за претходно одлучување. Меѓутоа, кога постои ризик од дивергентна судска практика во рамките на Унијата, највисокиот суд е должен да упати барање за претходно одлучување до СПЕУ. Ова е случај кога правосудните тела во различни држави членки постојано упатувале прашања до СПЕУ во врска со одредена тема (Предмет *C-160/14, J.F. Ferreira da Silva e Brito e.a.*).
- Доколку самиот највисок национален суд нема сомневања во однос на точното толкување на правилата на ЕУ, тој не е должен да ги чека одговорите од СПЕУ на прашањата поставени од друг судија или самиот да упати барање за претходно одлучување (Предмет *C-197/14, X и Van Dijk*).
- Во предметот C-416/17, СПЕУ пресуди дека францускиот Државен совет *(Conseil d’État)* го прекршил правото на Унијата со тоа што не упатил барање за претходно одлучување во врска со толкувањето на правилата за слободното движење на капитал, и покрај тоа што постоеле сомневања во однос на нивното толкување.

- Предметот се однесуваше на тоа дали даночниот третман што Државниот совет го применил кон француските матични компании кои примале дивиденди од странски подружници бил спротивен на членовите 49 (слобода на деловно основање) и 63 (слободно движење на капитал) од ДФЕУ. Комисијата покрена постапка за прекршување врз основа на тоа што:
    1. Државниот совет го применил француското даночно право на начин што не бил во согласност со претходните одлуки на СПЕУ донесени по барање за претходно одлучување за толкувањето на членовите 49 и 63 од ДФЕУ во овој контекст.
    2. Со тоа што не упатил барање за претходно одлучување кога очигледно имал сомнежи во однос на точното толкување на судската практика на СПЕУ за оваа тема, Државниот совет го прекршил член 267, став 3, од ДФЕУ.
- Доколку највисокиот национален суд пропушти да упати барање за претходно одлучување до СПЕУ и покрај тоа што можеби е должен да го стори тоа, ова може да доведе до одговорност на државата, под услов да се исполнети строгите критериуми од пресудата *Köbler.*

#### 2.3.2.12 Критериуми за одговорност на државата: предмет C-224/01, Gerhard Köbler против Република Австрија

Во согласност со утврдената судска практика, СПЕУ утврди три услови што се неопходни и доволни за утврдување на одговорноста на државата за повреди на правото на Унијата што можат да ѝ се припишат.

Овие услови, кои се применуваат и кога национален суд што одлучува во последна инстанца повредува правило на правото на Заедницата, се следниве:

1. прекршеното правно правило мора да има за цел да им доделува права на поединците;
2. повредата мора да биде доволно сериозна; и
3. мора да постои директна причинско-последична врска меѓу прекршувањето на обврската што ја има државата и претрпената загуба или штета.

### 2.3.3 Фаза 2 од постапката: пред СПЕУ

Клучни фази од постапката пред СПЕУ:

#### 2.3.3.1 Одлука за итност

Доколку се побара примена на итната или забрзаната постапка, СПЕУ брзо ќе донесе решение за тоа дали таквата постапка е оправдана. Вообичаено, притворот пред започнувањето на судењето ја оправдува примената на забрзаната постапка.

#### 2.3.3.2 Писмени поднесоци

Откако барањето за претходно одлучување ќе биде поднесено до СПЕУ, странките во националната постапка се повикуваат да ги доставaт своите писмени поднесоци. Писмените поднесоци можат да се доставaт по пошта до Секретаријатот на СПЕУ или преку електронската платформа на СПЕУ за поднесување документи, e-Curia.

#### 2.3.3.3 Усна расправа

Во зависност од потребите на предметот, може да се одржи усна расправа, со што на странките им се овозможува лично да ги изнесат своите аргументи. Оваа расправа е јавна.

#### 2.3.3.4 Мислење на општиот правобранител

Откако ќе бидат доставени сите поднесоци, општиот правобранител назначен за предметот го дава своето мислење. Од општиот правобранител се бара да даде мислење само доколку Судот смета дека предметот отвора ново правно прашање. Иако мислењето на општиот правобранител не го обврзува Судот, тој многу често го следи тоа мислење.

#### 2.3.3.5 Одлука на СПЕУ и враќање на предметот до судот што го упатил барањето

Набргу откако општиот правобранител ќе го даде своето мислење, Судот донесува одлука по барањето за претходно одлучување, со која одговара на прашањето или прашањата упатени од националниот суд. Судот го толкува правото на ЕУ и го утврдува правниот тест што треба да се примени (таму каде што е потребно), но не одлучува по самиот предмет. Затоа, откако Судот ќе ја донесе својата пресуда, предметот се враќа на националниот суд што го упатил барањето, за тој да донесе одлука по суштината на предметот.

#### 2.3.3.6 Кога започнува постапката пред Судот на правдата на ЕУ?

Кога националниот суд ќе донесе решение за прекин на постапката, тој го испраќа барањето за претходно одлучување до Секретаријатот на СПЕУ на следнава адреса: L-2925, Luxembourg, LUXEMBOURG.

Секретаријатот на СПЕУ потоа ги известува заинтересираните страни за барањето, а пошироката јавност се известува преку објава во Службениот весник на ЕУ.

#### 2.3.3.7 Колку долго трае постапката?

Во однос на времетраењето, поднесувањето барање за претходно одлучување подразбира прекин на националната постапка сè додека СПЕУ не донесе пресуда.

Сепак, што е особено важно за практичарите во областа на кривичното право, достапни се забрзана постапка (PPA) и итна постапка (PPU), при што итната постапка често се применува кога лицето се наоѓа во притвор. Итната постапка е подетално објаснета подолу.

#### 2.3.3.8 Кој учествува во постапката пред Судот на правдата на ЕУ?

Сите странки во националната постапка учествуваат во постапката пред СПЕУ, вклучително и сите трети страни. Според член 23 од Статутот на СПЕУ, кога предметот ќе биде примен во Секретаријатот, за барањето се известуваат државите членки, Европската комисија и институцијата на ЕУ што го донела актот чие толкување е предмет на барањето (за директивите за процесни права, тоа се Советот и Европскиот парламент). Овие субјекти имаат безусловно право да поднесат забелешки во предметот, и писмено и усно. Одделни држави членки можат да се вклучат во постапката доколку сметаат дека одлуката на СПЕУ би можела да има последици за нив. Комисијата секогаш се вклучува во постапката.

#### 2.3.3.9 Учество на трети страни во постапките пред СПЕУ

Треба да се има предвид дека трети страни, како што се невладините организации (НВО), не можат да учествуваат во постапката пред СПЕУ доколку не се странки во националната постапка. Доколку трети страни сакаат да поднесат формални забелешки пред СПЕУ, тие мора формално да бидат вклучени во националната постапка пред барањето за претходно одлучување да биде упатено до СПЕУ.

#### 2.3.3.10 Кои се трошоците?

Постапката за претходно одлучување е бесплатна, а националниот суд одлучува за распределбата на трошоците.

#### 2.3.3.11 Дали е достапна правна помош?

Што е особено важно за практичарите во областа на кривичното право, СПЕУ може самиот да одобри правна помош, доколку правната помош одобрена според националните правила не ги покрива трошоците на постапката пред СПЕУ. Според член 115 од Деловникот за постапка, странка во главната постапка која не може да ги подмири трошоците на постапката пред СПЕУ може да поднесе барање за правна помош, при што треба да наведе податоци за својата финансиска состојба врз основа на која има право на помош. Во овој контекст не се испитува основаноста на предметот, бидејќи во постапките за претходно одлучување нема „победник“ или „губитник“. Доколку на странката веќе ѝ е одобрена правна помош во националната постапка, треба да ја приложи релевантната одлука, која ќе биде земена предвид при одлучувањето.

#### 2.3.3.12 Кога може странката да поднесе забелешки?

Писмената постапка започнува од денот кога Секретаријатот ќе го достави известувањето за предметот. Странките во предметот, Комисијата и институцијата или институциите на ЕУ што го донеле предметниот акт тогаш имаат рок од два месеци да поднесат писмени забелешки.

#### 2.3.3.13 Како се одвива комуникацијата со СПЕУ?

Целата комуникација пред расправата се одвива со Секретаријатот на Судот.

- СПЕУ во голема мера се потпира на писмените поднесоци, бидејќи тие можат внимателно да се преведат и детално да се проучат. Поради тоа, писмената постапка е многу важна: до моментот кога предметот ќе стигне до расправа, судиите и општиот правобранител веќе ќе имаат оформено став за веројатниот одговор на прашањето што е предмет на постапката.
- Секој предмет заведен во СПЕУ му се доделува на судија-известител (Judge-Rapporteur), односно судијата што всушност ќе ја напише пресудата на Судот. По завршувањето на писмениот дел од постапката, судијата-известител подготвува прелиминарен извештај, кој содржи препораки за тоа на кој состав на Судот да му се додели предметот, дали да не се одржи расправа и дали да не се побара мислење од општиот правобранител. Општиот правобранител исто така го изнесува својот став за тие прашања и Судот потоа одлучува, на неделниот општ состанок на сите 27 судии, дали да постапи како што е предложено. По завршувањето на писмената постапка, судијата-известител може да побара од странките вклучени во предметот да доставаат дополнителни информации. Судијата-известител може и да испрати конкретни прашања на кои треба да се одговори на расправата. Ова повторно го покажува степенот до кој предметите се разгледуваат врз основа на писмени забелешки.

### 2.3.3.14 Кој судски совет го разгледува предметот?

Судот заседава во судски совети составени од тројца или петмина судии, а понекогаш и како Голем судски совет од 15 судии, додека во случаи од исклучително значење или при извршување посебни институционални надлежности (како што е одлучувањето за оставката на одредени функционери на ЕУ), заседава во полн состав од 27 судии. Предметите им се доделуваат на судските совети од тројца или петмина судии доколку сложеноста и важноста на предметот не го оправдуваат неговото разгледување од страна на Големиот судски совет.

### 2.3.3.15 Дали секогаш ќе има усна расправа?

Не постои автоматско право на расправа. Судот може да одлучи да не одобри усна расправа. Во таков случај, писмените поднесоци можат да бидат единствената можност да се влијае врз исходот на предметот. Писмените поднесоци генерално имаат поголемо влијание врз Судот од усните излагања.

### 2.3.3.16 Што се случува по расправата?

По расправата, усниот дел од постапката останува отворен сè додека општиот правобранител не го даде своето мислење по предметот. Мислењето се состои од образложени писмени заклучоци, чиј краток преглед се чита во Судот на денот на објавувањето. Мислењето секогаш се преведува на јазикот на постапката.

### 2.3.3.17 Мислења на општите правобранители

- Општ правобранител не се определува за секој предмет.
- Изнесувањето на аргумент заснован на основните права може да доведе до определување општ правобранител за предметот.
- Мислењето на општиот правобранител е необврзувачки советодавен документ во кој на Судот му се препорачува да одлучи по предметот на определен начин.
- Општиот правобранител е член на Судот, исто како и судиите, но не учествува во советувањето и гласањето. Неговата или нејзината улога е да му помага на Судот, постапувајќи целосно непристрасно и независно.
- Мислењето на општиот правобранител генерално содржи посеопфатна оценка на правото и ја разгледува академската расправа за правото што се води надвор од судската постапка. Тоа овозможува да се изнесе поинаков став во систем што во моментов не дозволува издвоени мислења во пресудите.
- Тоа служи и како механизам за контрола на квалитетот, со кој се обезбедува судскиот совет што одлучува по предметот да земе предвид авторитетен и независен став пред да ја донесе својата одлука

### 2.3.3.18 Што се случува по мислењето на општиот правобранител?

- Откако општиот правобранител ќе го изнесе своето мислење, усниот дел од постапката се затвора, а судскиот совет започнува со советување и ја донесува пресудата.
- Пресудата нема да содржи толку детално образложение како мислењето, делумно затоа што претставува колективна одлука во која се обединети ставовите на сите судии.

### 2.3.4 Фаза 3 од постапката: повторно пред националниот суд

- Важно е да се нагласи дека одлуката на СПЕУ обезбедува само толкување на релевантните одредби од правото на ЕУ.
- Откако тоа ќе се направи, сепак останува обврска на националниот суд да ја примени одлуката на фактичката состојба во предметот и да одлучи по суштината на спорот.
- Во некои предмети, на пример оние што вклучуваат оцена на пропорционалноста, ова сè уште може да остави одреден простор за аргументи на странките во националната постапка.

#### 2.3.4.1 Дали одлуките на СПЕУ се задолжителни за националните судови?

- Одлуките на СПЕУ донесени по барање за претходно одлучување се задолжителни за националниот суд што го упатил барањето (Предмет *C-29/68, Milchkontor*). Националниот суд потоа треба да донесе одлука во националната постапка, земајќи ја предвид пресудата на Судот на правдата.
- Сите други судски тела во Унијата исто така ќе треба да го усвојат толкувањето на СПЕУ. Ова е сосема логично, бидејќи СПЕУ е највисокиот авторитет што може да го толкува правото на Унијата, а државите членки се обврзани, врз основа на начелото на лојална соработка (член 4, став 3, од Договорот за ЕУ), да го применуваат европското право во целост. Покрај тоа, постапката заснована на член 267 од Договорот за функционирање на ЕУ не би ја постигнала својата цел (еднообразна примена на европското право) доколку националните органи не бидат обврзани во своите одлуки да го следат толкувањето на СПЕУ.
- Во овој контекст релевантен е предметот *C-453/00, Kühne and Heitz*. Во овој предмет, СПЕУ пресуди дека, под одредени околности, управните тела се обврзани, врз основа на начелото на лојална соработка кон Унијата, да преиспитаат одлука што станала конечна, доколку првичната одлука била доведена во прашање со подоцнежна одлука на СПЕУ.
- Оваа пресуда исто така покажува дека одлуките на СПЕУ донесени по барање за претходно одлучување, покрај нивното задолжително дејство, имаат и ретроактивно дејство. Тоа значи дека толкувањето на одредена одредба дадено од СПЕУ се применува од датумот на стапување во сила на таа одредба.
- Бидејќи ова дејство ex tunc може да има значителни финансиски последици и, покрај тоа, може да ја загрози правната сигурност, СПЕУ во минатото, во неколку предмети, го ограничил временското дејство на својата одлука (види, на пример, *C-43/75, Defrenne II, C-24/86, Blaizot и C-262/88, Barber*).
- Се препорачува конечните национални пресуди да се испратат до СПЕУ. Денес, тие се објавуваат на веб-страницата на СПЕУ, а Судот може да ги користи за истражувачки цели.

# 3. Модул 3 - Изготвување и поднесување барање за претходно одлучување

| ***Цели на учење*** |
| --- |
| По завршувањето на модулот, учесниците ќе можат: |
| • Да ги идентификуваат формалните услови за барањето за претходно одлучување;<br>• Да состават јасни и структурирани прашања за претходно одлучување;<br>• Да ги разберат практичните чекори за поднесување барање за претходно одлучување до СПЕУ;<br>• Да ги идентификуваат клучните елементи потребни согласно член 94 од Деловникот за постапка. |

## 3.1 Барање за претходно одлучување

### 3.1.1 Практични совети:

- Барањето за претходно одлучување може да биде во која било форма дозволена со националното право во однос на процесните прашања.
- Барањето треба да биде составено едноставно, јасно и прецизно.
- Барањето не треба да биде подолго од 20 страници.
- Барањето треба да биде машинописно изготвено на бела, нелинирана хартија со формат А4. Страниците и ставовите од решението за упатување треба да бидат последователно нумерирани. Треба да се користи вообичаен фонт (како што е Times New Roman) со големина од 12 точки (за главниот текст) и 10 точки (за фуснотите), со проред од 1,5 и хоризонтални и вертикални маргини од најмалку 2,5 cm.
- Барањето за претходно одлучување мора да биде датирано и потпишано, а потоа да биде испратено со препорачана пошта до Секретаријатот на Судот на следнава адреса: L-2925, Luxembourg, LUXEMBOURG.
- Кога се бара примена на итната постапка (PPU) или забрзаната постапка (PPA), најпрво треба да се испрати потпишана копија од барањето по е-пошта до Секретаријатот на СПЕУ на адресата: Registry@curia.europa.eu а оригиналот со препорачана пошта (на адресата наведена погоре). Кон барањето мора да бидат приложени сите релевантни документи, а во него треба да бидат наведени прецизните податоци за контакт на странките во главната постапка и нивните застапници. Барањето мора да содржи и копија од списите на предметот.
- Барањето може да биде составено на јазикот на националната постапка. Преведувачките служби на Судот го преведуваат барањето на француски јазик, кој е работен јазик на СПЕУ.

*Контролна листа за барање за претходно одлучување*

- ✓ Идентификувано е релевантното право на ЕУ;
- ✓ Фактичката состојба е јасно сумирана;
- ✓ Вклучени се релевантните одредби од националното право;
- ✓ Прашањата се јасно формулирани;
- ✓ Објаснета е потребата од толкување;
- ✓ Барањето е концизно и структурирано.

### 3.2 Како треба да се состави барањето за претходно одлучување?

- Барањето може да биде составено во која било форма дозволена со националното право во однос на процесните прашања. Бидејќи ќе биде преведено на сите официјални јазици на ЕУ, од суштинско значење е да биде составено едноставно, јасно и прецизно. Во Препораките се наведува дека околу 20 страници се доволни.
- Страниците и ставовите мора да бидат нумерирани.

### 3.3 Кои формалности мора да се исполнат?

Барањето мора да биде датирано и потпишано, а потоа да биде испратено со препорачана пошта до Секретаријатот на СПЕУ: L-2925, Luxembourg, LUXEMBOURG.

### 3.4 Содржина на барањето за претходно одлучување

СПЕУ е врзан со прашањето или прашањата формулирани од судот или трибуналот што го упатува барањето и не може по сопствена иницијатива да одговори на прашање од правото на ЕУ што не му било поставено. Како адвокат во главната постапка, можете да придонесете до СПЕУ да биде упатено соодветно барање за претходно одлучување, така што ќе предложите што треба да содржи одлуката на судот што го упатува барањето. Судовите честопати ги повикуваат правните застапници да ја усогласат содржината на барањето, која потоа се усвојува и се испраќа до СПЕУ. Членот 94 од Деловникот за постапка пропишува дека барањето за претходно одлучување треба да го содржи следново:

- Резиме на предметот на спорот и фактичките наоди на судот што го упатува барањето. Ова е важно за да му се овозможи на СПЕУ да разбере како во предметот се поставува прашањето од правото на ЕУ. Без овие информации, на СПЕУ ќе му биде тешко да даде корисен одговор, а барањето може да биде одбиено.
- Содржината на одредбите од националното право што се применуваат во предметот. Кога е соодветно, треба да се наведат и упатувања на судската практика во која се објаснува како се толкуваат овие одредби.
- Причините што го поттикнале националниот суд да побара толкување на одредбите од правото на ЕУ и односот меѓу тие одредби и применливото национално законодавство. Во суштина, треба да се објасни како во предметот се поставува прашањето што се упатува до СПЕУ. Покрај елементите опфатени со член 94 од Деловникот за постапка, барањето треба да го содржи и следново:

- Самите прашања, кои треба директно да се однесуваат на толкувањето на одредбите од правото на ЕУ. Можно е да се поставaт условни дополнителни прашања (т.е. доколку одговорот на претходното прашање е X, тогаш...).
- Доколку е соодветно, посебно барање за примена на итната постапка (PPU) (види Дел IV од овој прирачник, посветен на PPU). Практичен совет од судија на национален суд: Размислете во барањето за претходно одлучување да вклучите и споредно прашање на кое СПЕУ ќе одговори доколку на првото прашање даде негативен одговор.
- Структура на барањето. Содржината на барањето е утврдена со член 94 од Деловникот за постапка на СПЕУ и е сумирана во Прилогот кон Препораките. Треба да се има предвид дека, доколку недостига некоја од потребните информации, СПЕУ може да се огласи за ненадлежен или да го отфрли барањето како недопуштено.

Барањето мора да ги содржи следниве седум дела:

1. <u>Судот или трибуналот што го упатува барањето.</u> Наведете го судот или трибуналот што го упатува барањето и сите контакт информации.
2. <u>Странките во главната постапка и нивните застапници.</u> Наведете ги имињата на странките во главната постапка и на сите лица што ги застапуваат пред тој суд или трибунал. Наведете ги и точната поштенска адреса на засегнатите лица, нивниот телефонски број или број на факс, како и адресата на е-пошта.
3. <u>Предметот на спорот во главната постапка и релевантните факти</u>. Накратко опишете го предметот на спорот во главната постапка и релевантните фактички наоди утврдени од надлежниот национален суд или трибунал.
4. <u>Релевантни правни одредби.</u> Наведете прецизни упатувања на одредбите од националното право што се применуваат на фактите од спорот во главната постапка, вклучително и на секоја релевантна судска практика. Упатувањата мора да ги содржат точниот наслов и точните ознаки на предметните одредби, како и податоците за нивното објавување. Во овој дел наведете ги и одредбите од правото на ЕУ чие толкување се бара.
5. <u>Причини за упатување на барањето.</u> Наведете ги причините поради кои е упатено барањето и објаснете ја врската меѓу одредбите од правото на ЕУ и националното законодавство што се применува во главната постапка.
6. <u>Прашања упатени за претходно одлучување.</u> Прашањето или прашањата упатени до СПЕУ мора да бидат формулирани така што ќе можат самостојно да се разберат. Наведете го и ставот на националниот суд за одговорот што треба да се даде на прашањето или прашањата.
7. <u>Можна потреба од посебно постапување</u>. Наведете дали засегнатото лице или лица треба да останат анонимни или дали барањето треба итно да се разгледа.

# 4. Модул 4 - Итни постапки и привремени мерки

| ***Цели на учење*** |
|---|
| По завршувањето на модулот, учесниците ќе можат: |
| • Да ги разберат привремените мерки пред Судот на правдата на ЕУ и Општиот суд;<br>• Да ги разликуваат постапките PPU и PPA;<br>• Да идентификуваат ситуации во кои може да се применат итните постапки;<br>• Да ги разберат неодамнешните реформи во врска со барањата за претходно одлучување пред Општиот суд. |

## 4.1 Привремени мерки пред Општиот суд и Судот на правдата

Членовите 278 и 279 од ДФЕУ предвидуваат дека тужбите поднесени пред Судот немаат одложувачко дејство. Меѓутоа, доколку смета дека околностите го налагаат тоа, Судот може да го одложи извршувањето на оспорениот акт или да определи други неопходни мерки.

- Постојат **две главни категории мерки** што можат да се определат според членовите 278 и 279 од ДФЕУ:

  > 1 - конкретна привремена мерка, односно одложување на примената или извршувањето на оспорениот акт; и
  >
  > 2 - други мерки што не се дополнително определени, но што Судот ги смета за неопходни, на пример мерки поврзани со постапките што треба да се следат, вклучително и со прашањето дали на владата треба да ѝ се овозможи да даде забелешки или да одговори на барањата за привремени мерки пред тие да бидат определени.

- Привремените мерки можат да се побараат во директните тужби.
- **Привремена правна заштита пред националните судови:** државите членки мора да предвидат можност за непосредна и привремена судска заштита кога тоа е неопходно за да се обезбеди ефективна правна заштита.
- Пресудата на СПЕУ во Factortame, Предмет *C-213/89, ECLI:EU:C:1990:257:* начелото на лојална соработка (член 4, став 3, од ДЕУ) и начелото на ефективност.
- Пресудата на СПЕУ во предметот *C-432/05, Unibet, ECLI:EU:C:2007:163*: тежиштето беше префрлено на начелото на ефективна судска заштита. Ова начело „бара во правниот поредок на државата членка да постои можност за определување привремена заштита додека надлежниот суд не одлучи дали националните одредби се усогласени со правото на Унијата, кога определувањето таква заштита е неопходно за да се обезбеди целосната ефективност на пресудата што треба да се донесе во главната постапка во однос на постоењето на правата на кои се повикува врз основа на правото на Унијата."

## 4.2 Итни постапки: PPU и PPA

### 4.2.1 Клучни карактеристики на постапката PPU

- Националниот суд што го упатува барањето може да побара примена на итната постапка („PPU“).
- СПЕУ определува петчлен судски совет за разгледување на предметите во постапката PPU, по принцип на ротација („Судскиот совет“). Судскиот совет одлучува дали ќе го прифати барањето за примена на PPU.
- Барањето за примена на постапката PPU вообичаено се прифаќа кога лицето се наоѓа во притвор до исходот на постапката.
- Доколку барањето за примена на PPU биде прифатено, за барањето за претходно одлучување се известуваат само засегнатата држава членка, за разлика од сите држави членки, и институцијата на ЕУ што го усвоила законодавството за кое станува збор.
- Во одлуката барањето да се разгледува во итна постапка се определуваат пократки рокови во кои тие странки можат да поднесат забелешки, а може да се определат и прашањата што треба да бидат опфатени со забелешките и нивната максимална должина, со што се заштедува време за превод.
- Одлуката се испраќа и до другите заинтересирани страни, односно до другите држави членки, кои се известуваат за веројатниот датум на расправата за да можат тогаш усно да изнесат забелешки, а не да ги поднесат во писмена форма, повторно за да се заштеди време за превод.
- Судскиот совет мора да го „сослуша“ општиот правобранител. Сегашната практика е општиот правобранител да даде „став“, кој се објавува и им се доставува на странките истовремено со пресудата.

#### 4.2.1.1 Што е итната постапка?

Просечното време за разгледување на барање за претходно одлучување изнесува околу 18 месеци. Тоа може да претставува долг период на чекање за лице што се наоѓа во притвор. Според тоа, од 2008 година, СПЕУ има воспоставено итна постапка за претходно одлучување, наречена „PPU“ (*procédure préjudicielle d'urgence*). Итната постапка за претходно одлучување е особено релевантна за практичарите во областа на кривичното право и често се применува во практиката. Во рамките на оваа постапка, СПЕУ вообичаено одлучува по предметите во рок од неколку месеци од поднесувањето на барањето од националниот суд. Постапката PPU е уредена со членовите 107–114 од Деловникот за постапка и се спроведува според поедноставена постапка. Бројот на странки овластени да поднесуваат писмени забелешки може да биде ограничен, како и должината на писмените поднесоци и рокот за нивно поднесување, а писмената постапка вообичаено се спроведува електронски. Во исклучително итни предмети, писмената постапка може целосно да се изостави, иако тоа ретко се случува.

#### 4.2.1.2 Кој може да побара итна постапка?

Во принцип, примената на постапката PPU ја бара судот што го упатува барањето, кој мора да ги наведе фактичките и правните околности што ја утврдуваат итноста и ја оправдуваат примената на оваа „исклучителна“ постапка.

#### 4.2.1.3 Кога може да се примени итната постапка?

- Итната постапка се применува само во областа на слободата, безбедноста и правдата, односно во однос на правото на ЕУ што се однесува на азилот и имиграцијата и на судската соработка во граѓански и кривични работи, и тоа само во итни предмети во кои е неопходно СПЕУ да одлучи многу брзо.
- Не постои исцрпна листа на критериуми со кои се определува кога треба да се примени оваа постапка.

Постојат **три сценарија** во кои се применува постапката PPU:

> 1-Првото сценарио е кога некое лице се наоѓа во притвор, затвор или е на друг начин лишено од слобода, а одговорот на упатеното прашање е одлучувачки за оцената на правната положба на тоа лице.
>
> 2-Второто сценарио се однесува на ризик од сериозна и потенцијално ненадоместлива штета за односот меѓу родителот и детето или од друга психолошка штета. Тоа може, на пример, да се случи во постапки што се однесуваат на родителската одговорност, старателството над деца или барањата за враќање дете што било лишено од контакт со еден од родителите.
>
> 3-Третото сценарио се однесува на постоење реален ризик од повреда на одредени основни права на засегнатите лица, како што е правото на заштита од нечовечко и понижувачко постапување.

Итната постапка се заснова на член 23а од Статутот, а деталните правила се утврдени во членовите 107–114 од Деловникот за постапка.

#### 4.2.1.4 Какво е влијанието на итната постапка во практиката?

- Во практиката, постапката PPU може да се одвива многу брзо од моментот кога ќе се постави прашање од правото на ЕУ. Оваа постапка најчесто се користи во предмети што се однесуваат на родителската одговорност или старателството над мали деца, како и во предмети во кои лицето се наоѓа во притвор.
- Судот на правдата определува посебни судски совети составени од пет судии за разгледување на овие предмети. Сите рокови се значително скратени. Пристапот до писмената постапка е ограничен, при што повеќето странки учествуваат само на расправата.

### 4.2.2 Клучни карактеристики на забрзаната постапка (PPA)

- Опсегот на примена на PPA е поширок од оној на PPU, кој е ограничен на областа на слободата, безбедноста и правдата. PPA се применува на предмети што не се опфатени со PPU, но бараат забрзано постапување.
- Достапна е и пред Судот на правдата и пред Општиот суд.
- Во редовната постапка за претходно одлучување, СПЕУ донесува пресуда во рок од околу една година. Во забрзаната постапка, на предметот му се дава апсолутен приоритет, а писмените фази од постапката се значително скратени.
- Причини за примена на PPA може да бидат: опасност за јавното здравје или за финансискиот систем на ЕУ; итна потреба од заштита на основни права, на пример во случаи на протерување

странци, кога се засегнати начелото на невраќање (non-refoulement) или правото на семеен живот; уставноправно прашање од правото на ЕУ (види ја пресудата на СПЕУ во споените предмети C-758/24, Alace, и C-759/24, Canpelli); како и лишување на лице од слобода.

- Што НЕ претставува причина за PPA: Големиот број предмети што се во тек пред националниот суд и економските причини не претставуваат основа за примена на PPA.

| PPU | PPA |
|---|---|
| Само предмети од областа на слободата, безбедноста и правдата | Поширок опфат на предмети |
| Исклучителна итност | Забрзано постапување |
| Најчесто предмети поврзани со притвор или со деца | Други итни прашања од правото на ЕУ |
| Многу кратки рокови | Скратени рокови |
| Траење од неколку месеци | Побрза од редовната постапка |

## 4.3 Измени во врска со барањата за претходно одлучување пред Општиот суд

- На 1 септември 2024 година стапи во сила значајна измена на Статутот на Судот на правдата на Европската Унија („Статутот“). Со оваа измена ѝ се стави крај на дотогашната исклучива надлежност на Судот на правдата во постапките за претходно одлучување. Почнувајќи од 1 октомври 2024 година, дел од надлежноста на Судот на правдата се пренесува на Општиот суд во шест конкретни области.
- Покрај тоа, измената воведува процесни промени насочени кон зголемување на транспарентноста во постапките за претходно одлучување и го проширува постојниот механизам за одлучување дали жалбите изјавени против одлуките на Општиот суд може да продолжат.
- Со измената на Статутот, на Општиот суд му се доделува надлежност во шест конкретни области кои опфаќаат приближно 20 % од сите постапки за претходно одлучување и за кои веќе постои обемна судска практика на Судот на правдата.
- Судот на правдата ја задржува надлежноста за предметите што се однесуваат и на други области или што, во секој случај, отвораат самостојни прашања од фундаментална природа. Конкретно, надлежноста се пренесува од Судот на правдата на Општиот суд во предмети што се однесуваат исклучиво на прашања од правото на ЕУ во рамките на една од следниве области:
  - Заедничкиот систем на данок на додадена вредност (ДДВ);
  - Акцизите;
  - Царинскиот кодекс;
  - Тарифното класифицирање на стоките според Комбинираната номенклатура;
  - Надомест и помош за патниците во случај на одбиено качување или доцнење или откажување на транспортните услуги;
  - Системот за тргување со квоти за емисии на стакленички гасови.
- Измената е дел од пошироката реформа на правосудната рамка на ЕУ со цел да се зголеми судската ефикасност и во тој поглед се надоврзува на претходната судска реформа со која беше зголемен бројот на судии во Општиот суд.

- Измената на Статутот се заснова на следниве три столба: (i) пренос на дел од надлежноста на Судот на правдата на Општиот суд за одредени постапки за претходно одлучување; (ii) процесни измени во постапките за претходно одлучување; и (iii) проширување на постојниот механизам за одлучување дали жалбите до Судот на правдата може да продолжат. Бидејќи двете главни функции на Судот на правдата се да донесува одлуки по барања за претходно одлучување и да одлучува по жалби за правни прашања против пресудите и решенијата на Општиот суд, оваа измена претставува значајна промена.

### 4.3.1 Одлуки по барање за претходно одлучување

- Одлуките по барање за претходно одлучување се одлуки што се донесуваат во постапка за претходно одлучување поведена од национален суд на држава членка на ЕУ. Оваа постапка може да ја поведе и понизок суд, а суд од последна инстанца е должен да ја поведе кога постои нејаснотија во однос на толкувањето или валидноста на правото на ЕУ. Поради тоа, оваа постапка е камен-темелник на судскиот систем на ЕУ и обезбедува доследна примена на правото на ЕУ.

### 4.3.2 Пренос на надлежноста од Судот на правдата на Општиот суд

- Можноста на Општиот суд да му се додели надлежност за постапките за претходно одлучување во одредени видови предмети постои повеќе од две децении. Таа сега се користи како одговор на зголемениот број постапки за претходно одлучување што се во тек и на просечното време потребно за нивното решавање. За да се обезбеди Судот на правдата и понатаму да може да ги штити единството и доследноста на правото на ЕУ и да донесува висококвалитетни пресуди, се сметало дека е неопходно дел од надлежноста во конкретни области да му се пренесе на Општиот суд.
- Измената на Статутот му доделува на Општиот суд надлежност во шест конкретни области, кои опфаќаат приближно 20% од сите постапки за претходно одлучување и за кои веќе постои обемна судска практика на Судот на правдата. Судот на правдата ја задржува надлежноста за предметите што се однесуваат и на други области или што, во секој случај, отвораат самостојни прашања од фундаментална природа.
- СПЕУ првично одлучува за распределбата на предметите меѓу Судот на правдата и Општиот суд. Затоа, националните судови можат и понатаму да ги упатуваат своите барања за претходно одлучување до СПЕУ. Општиот суд може повторно да ја преиспита одлуката на СПЕУ за распределба и може да одбие да ја преземе надлежноста за предмети за кои е потребна начелна одлука што веројатно би влијаела врз единството или доследноста на правото на ЕУ.
- Со цел да се обезбедат правна сигурност и транспарентност при распределбата на предметите, идните пресуди на Судот на правдата и на Општиот суд мора да содржат образложение зошто судот што ја донесува пресудата е надлежен да го разгледа и да одлучи по барањето за претходно одлучување.
- За да се обезбедат еднакви гаранции во сите постапки за претходно одлучување, измената предвидува обврска процесните правила на Општиот суд да се усогласат со оние на Судот на правдата. Во тој поглед, судиите на Општиот суд мора од своите редови да изберат судии што ќе ги извршуваат должностите на општ правобранител за период од три години, со можност за повторен избор.

### 4.3.3 Процесни промени во постапките за претходно одлучување

Освен преносот на надлежноста од Судот на правдата на Општиот суд во конкретни области, измената на Статутот воведува и одредени процесни промени што се применуваат на сите постапки за претходно одлучување.

- Прво, сите барања за претходно одлучување сега мора да им бидат доставени на Европскиот парламент, Советот на Европската Унија и Европската централна банка, кои потоа можат да одлучат дали сакаат да го искористат своето право да поднесат изјави во предметот или писмени забелешки.
- Второ, јавното објавување на изјавите или забелешките поднесени од сите вклучени странки, во разумен рок по завршувањето на предметот, отсега ќе биде правило, за разлика од досегашната практика тие да се објавуваат поединечно само по поднесено барање. Во тој поглед, странката може да се спротивстави единствено на објавувањето на сопствената изјава или забелешка.

### 4.3.4 Жалби по правни прашања против пресудите и решенијата на Општиот суд

- Одлучувањето по жалби за правни прашања против пресудите и решенијата на Општиот суд е уште една централна функција на Судот на правдата.
- Член 256 од Договорот за функционирање на Европската Унија овозможува опсегот на оваа функција да се утврди со Статутот. Со измената се проширува постојниот механизам утврден со Статутот за одлучување дали на жалбата ќе ѝ биде дозволено да продолжи. Во предметите опфатени со овој механизам, жалбите се дозволени само доколку Судот на правдата одлучи дека предметот отвора прашање што е значајно за единството, доследноста или развојот на правото на ЕУ.
- Според статистичките податоци на СПЕУ, голем број жалби се поднесуваат против одлуките на Општиот суд. За да се зачува ефикасноста на жалбените постапки и да му се овозможи на Судот на правдата да се сосредоточи на жалбите што отвораат важни правни прашања, механизмот за одлучување дали жалбата е дозволена е проширен на два начина:
- Прво, независните жалбени одбори во рамките на телата, канцелариите или агенциите на ЕУ се додадени на листата на релевантни жалбени одбори чии одлуки, во принцип, се во надлежност на Општиот суд како прва и последна инстанца. Листата сега ги опфаќа жалбените одбори на следниве тела:
    - Канцеларијата за интелектуална сопственост на Европската Унија;
    - Канцеларијата на Заедницата за растителни сорти;
    - Европската агенција за хемикалии;
    - Агенцијата на Европската Унија за воздухопловна безбедност;
    - Агенцијата на Европската Унија за соработка на енергетските регулатори;
    - Единствениот одбор за санација;
    - Европскиот банкарски орган;
    - Европскиот орган за хартии од вредност и пазари;
    - Европскиот орган за осигурување и професионални пензии;
    - Агенцијата на Европската Унија за железници.

- Второ, додадена е нова категорија предмети што се исклучени од редовното право на жалба, а се однесуваат на одлуки на Општиот суд за договори што содржат арбитражна клаузула.
- Во принцип, Општиот суд сега е надлежен како прва и последна инстанца за споровите што се однесуваат на извршувањето на договори што содржат арбитражна клаузула, склучени меѓу институција, тело или агенција на ЕУ и приватна странка, доколку тие не отвораат прашања што се значајни за единството, доследноста или развојот на правото на ЕУ.

### 4.3.5 Влијанието на измената

Иако измената претставува значајна промена на двете главни функции на СПЕУ, останува да се види до кој степен таа ќе му овозможи на СПЕУ поефикасно да управува со својата работа, особено на долг рок.

- Исто така, неизвесно е какви други, можеби непредвидени ефекти може да предизвика измената. На пример, времето ќе покаже дали претходната судска реформа со која се зголеми бројот на судии во Општиот суд ќе го намали просечното време потребно за постапување по барањата за претходно одлучување, особено затоа што прагот за националните судови да упатуваат прашања за претходно одлучување до Општиот суд може да биде понизок.

| ***Клучен заклучок*** |
|---|
| Постапката за претходно одлучување е еден од централните механизми за обезбедување еднообразна примена и ефективна судска заштита на правото на ЕУ. Националните судови имаат клучна улога во овој судски дијалог со СПЕУ. |

# Прилози:

Статут на Судот
https://curia.europa.eu/site/upload/docs/application/pdf/2024-08/statut_cour_en.pdf

Деловник за постапка
https://curia.europa.eu/site/upload/docs/application/pdf/2024-08/rdp-cour-en.pdf

Дополнителни правила на Судот
https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2014:032:0037:0045:EN:PDF

Препораки до националните судови и трибунали во врска со покренувањето на постапки за претходно одлучување (C/2024/6008)
https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=OJ:C_202406008

Услови за користење на е-Curia
https://curia.europa.eu/site/upload/docs/application/pdf/2024-09/2024-09-05_conditions-utilisation-ecuria_en_2024-09-25_10-50-7_866.pdf

Заштита на личните податоци во постапките пред Судот
https://curia.europa.eu/site/upload/docs/application/pdf/2015-11/tra-doc-en-div-c-0000-2015-201508723-05_00.pdf

Објавување на поднесоци и писмени забелешки поднесени во предмети за претходно одлучување
https://curia.europa.eu/site/upload/docs/application/pdf/2025-04/observations-ecrites-en.pdf

Уредба (ЕУ, Еуратом) 2024/2019 на Европскиот парламент и на Советот од 11 април 2024 година за изменување на Протоколот бр. 3 за Статутот на Судот на правдата на Европската Унија
https://eur-lex.europa.eu/eli/reg/2024/2019/oj

Годишен извештај на СПЕУ за 2025 година
https://curia.europa.eu/site/upload/docs/application/pdf/2026-03/qd-01-25-007-en-n.pdf

- M. Broberg и N. Fenger, Претходни прашања до Судот на правдата на ЕУ (трето издание, Оксфорд 2021)
- M. Costa и S. Peers, „Постапката за претходно одлучување“, Право на ЕУ на Стајнер и Вудс, петнаесетто издание (Оксфорд, 2023 година; онлајн издание, Оксфорд Ло Про, 1 август 2023 година)
- C. Lacchi, Упатување на претходни прашања до Судот на правдата на Европската Унија и ефективна судска заштита (Ларсие, 2020)
- K.J. de Graaf, H.J. van Harten, A. Prechal, R.J.G.M. Widdershoven, Судска кохерентност во Европската Унија, Еуропа Лав Паблишинг (2016)
- S. Prechal и A. Pahladsingh, Итноста и човековите права во правото на ЕУ: Постапки пред Судот на правдата на ЕУ (2020)